МЗМП

# ПОВИК ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТИ

- ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НА ИНТЕРНЕТ
- КОМУНИКАЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ВОДЕЊЕ НА ДИГИТАЛНИ КАМПАЊИ

## За проектот:

**Наслов**: Приватноста на прво место: Зајакнување на свесноста, застапувањето и дигиталните права помеѓу младите во Северна Македонија

**Траење**: 10 месеци (15 јули 2023 – 15 мај 2024)

**Организација која го спроведува проектот:** Македонско здружение на млади правници (МЗМП). Проектот е поддржан од АБА Иницијатива за владеење на правото (АБА РОЛИ).

**Општа цел:** Зајакнување на капацитетите на младите активисти кои работат на локално и национално ниво за обезбедување на поддршка на нивните врсници во случаи на повреди на приватноста на интернет и сензибилизација на заедниците по ова прашање.

## Кого бараме?

Бараме високо квалификувани и мотивирани професионалци посветени на унапредување на свеста за приватноста на интернет и дигиталните права кај младите. Идеалните кандидати треба да ги поседуваат следниве квалификации:

### 1. Експерт за онлајн приватност и заштита на лични податоци:

- Докажано познавање на легислативата и најдобрите практики од областа на онлајн приватноста и заштитата на личните податоци
- Претходно искуство во решавање на прашања поврзани со приватност во дигитални средини
- Силни комуникациски вештини и вештини за ефективно пренесување на сложени концепти до разновидна публика

### 2. Експерт за комуникациски стратегии и дигитални кампањи:

- Докажано познавање на стратегиите за дигитална комуникација, управување со социјалните медиуми и развивање влијателни онлајн кампањи
- Претходно искуство во застапување и мобилизација преку дигитални платформи
- Способност да се инспирираат и насочуваат младинските активисти во изработката на привлечни пораки и содржини за кампањата

Кандидатите треба да бидат посветени на зголемување на свеста за приватноста на интернет кај младите поединци и да бидат подготвени активно да се вклучат во заедничките напори за развој на работилницата и кампањата.

## Клучни активности:

1. **Аплицирање и процес на избор** Поканети се да аплицираат сите професионалци кои ги исполнуваат условите и имаат интерес да се вклучат во активностите на Проектот. Тимот на Проектот ќе ги избере најквалификуваните кандидати.

2. **Работилница за млади активисти (15-17 ноември 2023)** Во меѓусебна соработка, експертите ќе одржат работилница за млади активисти на која ќе ги покријат прашањата за приватност на интернет, заштита на лични податоци, дигитален отпечаток, комуникациски стратегии и дигитални кампањи.

3. **Планирање на кампања и создавање содржина (декември - јануари 2024)** Од експертите ќе се очекува да учествуваат во две последователни онлајн консултации за да помогнат во развојот на дигиталната кампања. Ова вклучува тесна соработка со младинските активисти за да се усовршат пораките и стратегиите од кампањата.

4. **Евалуација и известување (февруари-март 2024)** Експертите ќе играат клучна улога во оценувањето на ефективноста на дигиталната кампања, обезбедувајќи увиди и препораки за подобрување.

## Аплицирање:

Заинтересираните кандидати се поканети да ги достават следниве документи на **mmartinova@myla.org.mk**:

- Детално CV кое ја нагласува релевантната експертиза и искуство и
- Краток предлог кој го опишува пристапот кон спроведување на работилницата, вклучувајќи ги клучните теми што треба да се опфатат.

**Апликациите се отворени до:** 25-ти октомври, 2023 (среда)

**Контакт информации:** За повеќе информации и прашања ве молиме исконтактирајте нѐ на 02 3 220 870 или на mmartinova@myla.org.mk (лице за контакт Мартина Дранговска Мартинова).

*Забелешка: Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани за понатамошни дискусии.*